**20161974460**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 29 став (4), член 44 став (4) точки 5) и 9), член 63 став (4) и член 69 став (4) точка 1) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15 и 39/16) директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ХИГИЕНА И НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ВРШЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ КОНТРОЛИ НА МЛЕКОТО И МЛЕЧНИТЕ ПРОИЗВОДИ(*)

Член 1

Во Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи (*) („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/12, 145/14 и 59/16), Прилогот 3 се заменува со нов Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-4528/3
26 септември 2016 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
м-р **Зоран Поповски,** с.р.

Прилог 3

| Барања за сурово млеко | | | |
|---|---|---|---|
| Датум | Година | Број на микроорганизми | Број на соматски клетки |
| 01.01. | 2016 | 400.000 | 400.000 |
| 01.01. | 2017 | 400.000 | 400.000 |
| 01.01. | 2018 | 200.000 | 400.000 |
| 01.01. | 2019 | 200.000 | 400.000 |
| 01.01. | 2020 | 100.000 | 400.000 |

(*) Овој правилник не е предмет на усогласување со Европското законодавство.